РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ / MINISTRIA E FINANCATE
БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ / BYROJA E PROKURIMIT PUBLIK
Бр.Nr. 04-50/2
13.01.2026 год.
СКОПЈЕ / SHKUP

Архивски број: 04

Датум: __.__. 2026 год.

**Република Северна Македонија**
**БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ", бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и "Службен весник на РСМ" бр. 96/19, 110/19 и 121/24), член 22 став 1 алинеја 2, став 3 и став 8 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 22 став 1 точка 1, член 23, член 24, член 25, член 26 и член 27 од Законот за работни односи („Службен весник на РМ" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25) и одредбите од Правилникот за систематизација на работните места во Биро за јавни набавки бр. 01-262/1 од 18.02.2022 година и Правилниците за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Бирото за јавни набавки број 01-262/6 од 06.09.2022 година, број 01-262/9 од 22.12.2022 година, број 01-1864/1 од 18.10.2023 година, број 01-603/3 од 12.03.2025 година и број 01-603/6 од 24.11.2025 година, Бирото за јавни набавки објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС БР. 01/2026
## за вработување на определено време

Бирото за јавни набавки објавува јавен оглас за вработување на 2 (два) извршители на определено време до 31.12.2026 година, и тоа:

1. УПР0101Г01000 Самостоен референт-ликвидатор во Одделение за финансиски прашања..........(1) извршител

2. УПР0101Г01000 Самостоен референт за персонална евиденција во Одделение за управување со човечки ресурси..........(1) извршител

Општи услови:
- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи Македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место

- со правосилна судска пресуда да не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност и должност

Посебни услови:
- вишо образование или ССС - гимназија или средно стручно образование
- најмалку 3 години работно искуство во струката

Општи работни компетенции на средно ниво:
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни и
- финансиско управување

Посебни работни компетенции:
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;

Паричен нето износ на плата: 27.832,00 денари

Распоред на работно време:
- работни денови: од понеделник до петок
- работни часови неделно: 40 часа
- работно време: 7:30/8:30 часот до 15:30/16:30 часот
- опис на работното време: со почеток на работното време помеѓу 07:30 и 8:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот

Потребна документација
- пријава во која ќе се наведе за кое работно место од огласот се пријавува кандидатот
- уверение за државјанство (во оригинал или копија заверена на нотар)
- лекарско уверение, не постаро од една година, издадено од доктор специјалист по медицина на трудот (во оригинал)
- потврда од Централен регистар дека не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност и должност, не постара од една година (во оргинал)
- диплома за завршено образование (оригинал или фотокопија заверена на нотар)
- сертификат за познавање на Англиски јазик
- сертификат за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- историјат од Агенција за вработување (во оригинал)
- кратка биографија

Напомена:

Условите наведени во огласот кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавување.
Рокот за доставување на пријавата за вработување и потребната документација изнесува 4 (четири) работни денови, несметајќи го денот на објавување на огласот на веб страната на Бирото за јавни набавки и во дневните весници.
Пријавата за вработување и потребната документација се доставуваат до архивата на Бирото за јавни набавки на следнава адреса:

Биро за јавни набавки
ул. „Даме Груев„ бр. 12 - Скопје
со назнака НЕ ОТВАРАЈ - ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ПО ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2026

Пријавата за огласот може да се преземе од интернет страната на Бирото за јавни набавки: www.bjn.gov.mk.
Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци.
Ненавремена, нецелосна и некомплетна пријава и документација или назнака нема да бидат разгледувани.
По истекот на рокот за аплицирање и постапката за селекција, само уредните кандидати на јавниот оглас ќе бидат известени (по електронски пат) за времето и местото на одржување на интервјуто.
По завршување на постапката за селекција, интервју и рангирање, најуспешниот/ите кандидат/и ќе бидат вработени на определено време во Бирото за јавни набавки.
Постапката за вработување ја спроведува комисија за селекција и избор на кандидати по јавен оглас.

д-р Маре Богева-Мицовска
Директор